# Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за создавање на регистар/база на надворешни експерти кои можат да помогнат во процесот на објаснувачки скрининг и процесот на преговори за пристапување на Република Македонија кон Европската унија

Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања објавуваат Јавен повик за пријавување на сите заинтересирани лица за создавање на регистар/база на надворешни експерти кои можат да помогнат во процесот на објаснувачки скрининг и процесот на преговори за пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

Целта на овој повик е создавање на регистар/база на надворешни експерти на кои Владата на Република Македонија ќе може да смета во текот на процесот на објаснувачки скрининг и процесот на преговори за пристапување на Република Македонија кон Европската унија и кои ќе може да ги ангажира повремено, привремено или постојано, на пократок или подолг рок.

Сите заинтересирани лица можат да се пријават за едно или повеќе поглавја од правото на ЕУ, односно подрачја, теми и поттеми во рамки на поглавјата од правото на ЕУ.

Пријавата на сите заинтересирани лица се состои од

- ЦВ (Curriculum Vitae); и
- Писмо за мотивација со точно наведување на поглавјето, односно подрачјето, темите и поттемите во рамки на поглавјата од правото на ЕУ за кое, односно за кои заинтересираното лице поседува експертиза.

Сите документи се доставуваат на македонски јазик и англиски јазик, односно албански јазик и англиски јазик.

Пријавите задолжително се доставуваат електронски на следната е-маил адреса: eupregovori@vlada.gov.mk со Предмет: Повик за ЕУ експерти, најдоцна до 10 октомври 2018 година, 20.00 часот.

Процесот на преговори за пристапување на Република Македонија кон Европската Унија

Преговорите за пристапување кон Европската Унија (ЕУ) се одвиваат по пат на меѓу-владина конференција помеѓу државите членки на ЕУ и државата-кандидат. Преговорите се водат за условите под кои една држава ќе пристапи кон ЕУ и се фокусираат на прифаќањето и имплементацијата на корпусот на законодавството на ЕУ(acquis). Acquis-то е поделено на бројни поглавја (33) од кое секое покрива специфична област на политики и за кое се преговара посебно. Преговорите помагаат државата-кандидат да се подготви за исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во ЕУ. Тие исто така ѝ помагаат на ЕУ да се подготви за проширувањето во однос на капацитетот за интеграција (претходно рефериран како капацитет за апсорпција). Откако преговорите за сите поглавја ќе се затворат, резултатите од преговорите се инкорпорираат во нацрт Договорот за пристапување кон ЕУ (Accession Treaty).

Предмет на преговорите се само условите и временската рамка за прифаќање, имплементација и спроведување на севкупното ЕУ законодавство (acquis) од страна на државата-кандидат. Исто така во текот на пристапните преговори се дискутира и за: финансиски спогодби (на пр. колку новата држава членка ќе контрибуира, односно користи средства од буџетот на ЕУ, во форма на трансфери), како и преодни аранжмани (во одредени случаи определени правила се применуваат постепено, со цел да се даде време на новата или на постоечката држава-членка да се прилагоди).
Преговорите за секое од поглавјата се засноваат на следните елементи:

1. Скрининг на националното законодавство и степенот на негова усогласеност со европското право – Европската комисија спроведува детално испитување заедно со државата-кандидат за секоја област на политика (поглавје), со цел да одреди колку добро е подготвена државата. Наодите по поглавја се презентирани од страна на Европската комисија пред државите-членки на ЕУ во форма на Извештај за скрининг. Заклучокот од овој Извештај е препорака од ЕК или директно да се отворат преговорите или да се побара исполнување на одредени услови – одредници, кои што треба да се исполнат пред да се отворат преговорите за соодветното поглавје.

2. Преговарачки позиции – пред отпочнувањето на преговорите, државата-кандидат треба да ги поднесе своите позиции и ЕУ треба да усвои заедничка позиција. За повеќето поглавја, ЕУ ќе одреди одредници за затворање на преговорите кои што треба да бидат исполнети од страна на државата-кандидат за да може поглавјето да биде затворено. Единствено за поглавјата 23 и 24, ЕК предлага во иднина овие поглавја да бидат отворени врз основа на акциски планови со одредници на среден рок кои што треба да се исполнат, пред да се одредат одредниците за затворање на поглавјата.